# ГОДИШЕН ИНФОРМАТОР 2019

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дискриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет за човекови права ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Годишниот информатор ги прикажува и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Годишниот информатор ги прикажува збирните податоци од месечните информатори, информациите од јавен карактер добиени од првостепените судови, како и од годишниот извештај за 2019 година на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман оваа година **86**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 17 работни односи | 7 образование | 1 социјална сигурност |
| 12 здравство | 17 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 10 медиуми | 0 избирачки права | 22 друго |

## Реакции

Реакции оваа година **131**

### ПРЕВЕНЦИЈА: 39

| | | |
|---|---|---|
| 34 Активности на здруженија на граѓани | 5 Активности на државни институции | 92 останато |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019 ГОДИНА




## Карактеристики на жртвата:[1]

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31.39% род | 4.65% родов идентитет | 21.41% пол | 20.93% сексуална ориентација |
| 12.79% етничка припадност | 4.65% попреченост | 15.11% корисници на дроги | 16.21% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 45 |
| индиректна | 5 |
| вознемирување | 36 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| позитивни судски одлуки | 3 |
| тековни судски пресуди | 1 |
| Негативни пресуди | 0 |

[1] Во овој дел се пресметани дискриминаторските основи и во случаи на повеќекратна дискриминација, кумулативна и интерсекциска, а се брои секој основ засебно.

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019

СЛУЧАЈ:

### 1. Дискриминаторски содржини во учебници по социологија

Силни негативни критики во јавноста предизвикаа дискриминаторските содржини присутни во учебниците по социологија за втора година, средно гимназиско образование. Имено, тие промовираа дискриминација, родова нееднаквост, шовинизам, насилство и повреда на основните човекови права. На овој начин, учениците се учат на одржување статус кво и репродукција на нееднаквиот третман помеѓу мажите и жените и патријархалните вредности, што истовремено ги зај акнува стереотипите и предрасудите кон маргинализираните групи. Пласирање вакви содржини во образовни учебници е противзаконско и доведува до системско и структурно промовирање дискриминација, стереотипизација и нееднаков третман на жените и мажите во нашето општество. Поради ова, Хелсиншкиот комитет за човекови права побара Министерство за образование и наука и надлежните органи да извршат целосна ревизија на учебниците што се употребуваат во сите фази од образовниот процес и да се повлечат од употреба сите учебници со дискриминаторски содржини. Воедно, се апелира што поскоро да се формира Комисија за ревизија на сите наставни програми и учебници за основно и средно образование и да се отпочне со долгонајавуваниот процес на детална ревизија на сите учебници во поглед на присутноста на дискриминаторски содржини, промовирање родови стереотипи, сексизам, мизогинија и насилство.

Како резултат на овие активности, Министерството за образование и наука формира Комисија за ревизија на учебниците, која ја сочинуваат три претставнички од граѓанскиот сектор и една претставничка – професорка на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Тие ќе извршат ревизија на содржината на вкупно девет учебници, која се очекува да се реализира до крајот на 2020 година. Во овој процес, Хелсиншкиот комитет за човекови права учествува со своја претставничка во Комисијата.

СЛУЧАЈ:

### 2. Пропуштање на соодветно приспособување е дискриминација

Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрира случај пријавен од лице со телесна попреченост, на кое му се ампутирани двете нозе по сообраќајна несреќа. Поради здравствената состојба во којашто се наоѓа пациентката, од страна на доктор-специјалист ѝ била препорачана медицинска рехабилитација во базен во ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација или во Градската општа болница „8-ми Септември". Поради тоа што крановите за користење на базените во овие здравствени установи не се во функција, таа била принудена да се рехабилитира во Катлановска Бања. Упатувањето на пациентката на рехабилитација надвор од заедницата во којашто живее, претставува уште една пречка во нејзиното и така веќе комплицирано и отежнато секојдневно функционирање, а истовремено претставува дополнителен финансиски трошок за неа.

Лицата со попреченост имаат право, на еднаков начин со сите, да ги користат здравствените услуги, во конкретниов случај можноста за рехабилитација во базен во јавните здравствени установи. Оневозможувањето на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите, да ги користат базените за рехабилитација, претставува директна дискриминација. Оттука, државата треба да ги преземе сите соодветни чекори за да обезбеди соодветно приспособување. Во областа на здравството, државата, меѓу другото, треба да обезбеди здравствени услуги за лицата со попреченост што ќе бидат на доброволна основа и колку што е можно поблиску до нивните заедници.

Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати до ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација и до Градската општа болница „8-ми Септември" со барање во најкус можен рок да ги поправат крановите, односно да ги преземат основните мерки за обезбедување пристап до базените за лицата со попреченост и на тој начин да ги отстранат моменталните дискримина- торски практики. ГОБ „8-ми Септември" ни одговори дека поради недостиг на финансиски средства, не се во можност да го отстранат недостатокот.

СЛУЧАЈ:

### 3. Повеќекратна дискриминација врз основа на пол и род

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) регистрира случај на дискриминација по основ на пол и род во областа на образованието, науката и спортот. Во конкретниот случај станува збор за државно првенство во слободен стил и борење на жени организирано од страна на Федерацијата на боречки спортови (ФБСМ), каде што бодовите што ги освоиле женските борачи воопшто не се наведени во табелата за бодови освоени од тимовите. Иако постои ранг листа на женски борачи што се пласирале од прво до трето место, ним не им бил доделен никаков медал, каде што за разлика од машките борачи имало официјална церемонија за доделување на медалите и дипломите. По завршувањето на изборните и државните првенства, бодовите што ги освоиле тимовите од сите натпревари се собираат и се прави ранг листа на најуспешни клубови, при што првите три клубови добиваат пехар за освојување државен куп. Поради необјавувањето на поените што ги освоиле женските борачи на државните првенства, во поените од Купот не се сметаат овие бодови. Со пласманот на тимовите во Купот, првите четири тимови добиваат финансиска помош од Агенцијата за млади и спорт, првите три тима стануваат дел од Управниот одбор на ФБСМ, додека самиот пласман има влијание при аплицирање и добивање проекти на општинско и национално ниво.

Во конкретниот случај, ФБСМ, со своите преземени дејствија, односно непресметувањето поени освоени од женските борачи во генералниот пласман на тимовите и нивно невметнување во табелата за тимски пласман, недоделувањето медали, како и отсуството на официјална церемонија за доделување дипломите во споредба со машките борачи, сторила директна, повеќекратна дискриминација по основ на пол и род. Резултатот од ваквите постапки на Федерацијата доведува до дополнително дестимулирање на женските борачи, зголемување на разликите помеѓу мажите и жените, негативно влијае врз промовирањето на женското борење како индивидуален спорт, но и до одржување и зголемување на стереотипите и предрасудите за традиционалната улога на жените во општеството.

За случајот МЗМП поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, којашто донесе општа препорака до ФБСМ во рок од 30 дена да започне постапка за усогласување на статутот и другите општи акти со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

СУДСКА ПРАКСА:

### 1. Володина против Русија – пропустот на државата да ја заштити жртвата од семејно насилство претставува повреда на забраната на дискриминација

Во случајот Володина против Русија[2], Европскиот суд за човекови права утврди повреда на член 3 (забрана за мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување) од Европската конвенција за човекови права и повреда на член 14 (забрана на дискриминација) во врска со член 3 од Конвенцијата.

Случајот се однесува на пропустот на руските власти да ја заштитат жалителката од повторено и непрекинато семејно насилство, вклучувајќи ги нападите, киднапирањето, демнењето и заканите. Судот утврдил дека жалителката била физички и психички малтретирана од страна на нејзиниот поранешен партнер и дека властите не ги исполниле своите обврски согласно Конвенцијата за да ја заштитат од насилството. Судот утврдил дека во случајов претрпеното насилство го достигнува нивото на сериозност за да бидат во опфатот на член 3 од Конвенцијата. Во пресудата Судот забележува дека сегашниот правен режим во Русија е несоодветен за справување со насилството, а неносењето законодавство за спречување и заштита од домашно насилство покажува дека руските власти одбиваат да ја признаат сериозноста на овој проблем и неговиот дискриминаторски ефект врз жените.

[2] Володина против Русија (App. no. 41261/17).

СУДСКА ПРАКСА:

### 2. Лингурар против Романија - етничко профилирање и дискриминаторско постапување на полициски службеници против припадници на ромска заедница

Случајот Лингурар против Романија[3] се однесува на рација од 85 полициски службеници врз ромска заедница во Валцеле (Романија). Според наводите на жалителите, повеќе полициски службеници опремени со посебна опрема за интервенција, вклучувајќи и маски, ја скршиле нивната влезна врата за време на утринска рација на 15 декември 2011 година, ги извлекле надвор и ги тепале, при што им нанеле тешки телесни повреди. Во 2012 година жалителите поднеле кривична пријава против полициските службеници, но обвинителството и националниот суд ги отфрлиле нивните тврдења дека нападите на полицијата врз ромската заедница во околината е системска пракса.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдил дека нема оправдување за диспропорционалната употреба на сила врз жалителите. Притоа Судот навел дека тие биле таргетирани бидејќи надлежните органи ги перципираат припадниците на ромската заедница генерално како криминалци, што претставува етничко профилирање и дискриминаторско постапување. Во својата пресуда, ЕСЧП едногласно утврди повреда на член 3 (забрана за мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување) и на член 14 (забрана за дискриминација) во врска со член 3 од Европската конвенција за човекови права, имајќи предвид дека рацијата била расно мотивирана, а истрагата што следувала била неефикасна.

[3] Лингурар против Романија (App. no. 48474/14).

СУДСКА ПРАКСА:

### 3. Апелационен суд Битола утврдил дискриминација врз основа на етничка припадност - товарот на докажување дали е сторена дискриминација е на страната на тужените, а не на тужителите

Апелациониот суд Битола во 2019 година донесе пресуда[4] со која ја преиначи пресудата на Основен суд Прилеп и утврди дека Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација Прилеп извршиле дискриминација спрема тужителите поради нивната етничка припадност, со тоа што им оневозможиле пристап до чиста и здрава вода за пиење.

Тужителите се припадници на ромската заедница и живеат на периферијата од градот каде што не им е овозможен пристап до чиста и здрава вода за пиење за разлика од останатите граѓани на Прилеп, од друга етничка припадност, кои живеат во непосредна близина. Негативната пресуда на Основниот суд Прилеп ја преиначи Апелациониот суд во Битола во корист на тужителите. Според Судот, тужените - Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација, не успеале да докажат дека не извршиле дискриминација, па поради тоа ја усвоил тужбата. Со ова Судот непосредно и правилно го применил правилото според кое товарот на докажување дали е сторена дискриминација е на страната на тужените, а не на тужителите.

При одлучувањето, Судот ги применил одредбата од Уставот, според која водата е издигната на степен добро од општ интерес за државата и Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28.07.2010 година со која пристапот до вода, водовод и канализација е признато како човеково право. Судот се повикува и на судската пракса на Европскиот су ен пристап до здрава вода за пиење и одржување на личната хигиена, можат да доведат до ниво на страдање предвидено со членот 3 од Европската конвенција за човековите права и го повредува правото на семеен и приватен живот од член 8 од Конвенцијата.

[4] Пресуда ГЖ-1671/19 на Апелационен суд Битола од 13.12.2019 година.

РЕСУРСИ:


1. Годишен извештај на Народниот правобранител за 2019 година –

http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2019/GI-2019.pdf

2. ОБСЕ „ОБСЕ/ОДИХР Годишен извештај за 2019" –

https://www.osce.org/odihr/annual-report/2019

3. Агенција за фундаментални права „Извештај за фундаментални права 2020" –

https://fra.europa.eu/sites/default/files/-fra_uploads/fra-2020-fundamental-rights-report-2020_en.pdf

4. Еквинет „Телата за еднаквост се спротивставуваат на етничкото профилирање" –

http://equineteurope.org/2019/07/25/equa-litybodies-countering-ethnic-profiling/

5. Еквинет „Второ истражување во врска со малцинствата и дискриминацијата во Европската унија – жени мигранти - одбрани наоди" –

https://fra.europa.eu/en/publication/2019/eumidis-ii-migrant-women

6. Европска мрежа на правни експерти во родова еднаквост и недискриминација „Компаративна анализа на антидискриминаторското законодавство во Европа" –

https://www.equalitylaw.eu/downloads/4804-a-comparative-analysis-of-non-discrimination-law-in-euro-pe-2018-pdf-1-02-mb

7. ОБСЕ „Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените – тематски извештај – искуства на жените со попреченост" –

https://www.osce.org/secretariat/430007?download=true

8. ОБСЕ „Барометар за еднакви можности" –

https://www.osce.org/mission-to-skopje/439679

9. Мрежа за заштита од дискриминација „Извештај за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2011-2018" –

http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Diskriminacija_web.pdf

10. Хелсиншки комитет за човекови права „Прирачник за примена на Факултативниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените" –

https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/10/cedaw_mk_prirachnik-1.pdf

11. Македонско здружение на млади правници „Квартален извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците на терен, јануари – март 2019" –

http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2019/08/MKD-Quarterly-Field-Report-on-the-Status-of-Migrant-and-Refugee-Human-Rights-Jan-Mar-2019.pdf

12. X против Република Македонија (Application no. 29683/16) –

https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22x%20v%20macedonia%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001-189096%22]}

13. J. Д. и A. против Велика Британија (Applications nos. 32949/17 and 34614/17) –

https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22j.d.%20and%20a.%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001-196897%22]}

14. Ецис против Летонија (App. no. 12879/09) –

https://hudoc.echr.coe.int

15. Европска комисија против Полска (Judgment of 5.11.2019 – Case C-192/18) –

http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?num=C-192/18&language=EN



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА


ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ (НП) ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА[5]

## Годишен извештај на Народен правобранител

**Податоците се целосно преземени од Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2019 година.**

**Вкупно предмети: 75**

| | |
|---|---|
| **Примени претставки во 2019 година:** | **59** |
| Претставки префрлени од претходната година: | 15 |
| Предмети по иницијатива на НП: | 1 |
| Постапки со позитивен исход: | 21 |
| Постапки со негативен исход: | 39 |

## РЕАКЦИИ:




- 50 случаи со одлука за запирање или непокренување постапка
- 24 дадени мислења, сугестии, препораки
- 7 случаи - постапено по интервенција на НП
- 15 случаи - преземени сите законски дејствија од НП
- 2 постапки во тек

[5] Податоците се добиени преку Барање за пристап до информации од јавен карактер за работата на Народниот правобранител во областа на дискриминацијата и од Годишниот извештај за 2019 година на Народниот правобранител.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ (НП) ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА[5]

## Области во кои постапувал НП:




| | |
|---|---|
| Работни односи: | 35 |
| Вознемирување на работно место: | 25 |
| Дисциплинска постапка спрема вработен: | 1 |
| Распоредување/преземање работник: | 1 |
| Друго: | 8 |
| Здравствена заштита: | 1 |
| Образование и наука: | 3 |
| Друго: | 2 |

## Основи на дискриминација:




| | |
|---|---|
| Етничка припадност: | 11 |
| Раса и боја на кожа: | 2 |
| Личен статус и општествен статус: | 2 |
| Политичка припадност и уверување: | 3 |
| Родова припадност: | 1 |

*Податоците во однос на бројот на претставки поделени по области и по основи се преземени од одговорот на Народниот правобранител на барањето за пристап до информации од јавен карактер. Поради ова има разликување во вкупниот број на претставки за 2019 година и претставките поделени по области и основи на дискриминација.

5) Податоците се добиени преку Барање за пристап до информации од јавен карактер за работата на Народниот правобранител во областа на дискриминацијата и од ГОодишниот извештај за 2019 година на Народниот правобранител..

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

# КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА[6]

Мандатот на членовите на Комисијата за заштита од дискриминација заврши по сила на закон, три месеци по донесување на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација на 22.05.2019 година, односно на 22.08.2019 година.
До крајот на годината од страна на Собранието не беше избран новиот состав на Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

6) Комисијата не достави одговор на Барањето за пристап до информации од јавен карактер за добиените претставки во 2019 година и статисти ка по однос на предметите.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО ОБЛАСТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ЗА 2019 ГОДИНА[7]

## СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Заведени предмети за заштита од дискриминација: 9**

**Заведени предмети за заштита од дискриминација по градови:**




- Битола 11,11%
- Скопје 66,66%
- Радовиш 11,11%
- Кичево 11,11%

**Нема заведени предмети во 19 судови во државата [8]**

## Судски постапки во областа на дискриминација:

| | |
|---|---|
| Тековни | 4 |
| Позитивни | 1 |
| Негативни | 3 |
| Повлечени | 1 |

**ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ: 5**

**ОДЛУКИ ПО ГРАДОВИ:**




- Битола 20%
- Скопје 40%
- Радовиш 20%
- Кичево 20%

7) На барањата за информации од јавен карактер не одговорија Основен суд Прилеп, Основен суд Дебар и Основен суд Велес.

8) Нема заведени предмети за заштита од дискриминација во Основен суд Ресен, Основен суд Штип, Основен суд Кочани, Основен суд Крушево, Основен суд Кавадарци, Основен суд Струга, Основен суд Кратово, Основен суд Виница, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Делчево, Основен суд Неготино, Основен суд Тетово, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица, Основен суд Берово, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Гевгелија, Основен суд Гостивар.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ[7] ВО ОБЛАСТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ЗА 2019 ГОДИНА

## Податоци за областа и основот на дискриминација во заведените предмети во Основен граѓански суд Скопје [9]

### Област

2 работни спорови

4 имотни спорови

### Основ

33,33 % личен статус, семејна и брачна состојба,

16,66 % етничка припадност,

16,66 % телесна попреченост,

16,66 % пол и род,

16,66 % личен и општествен статус – повреда на правото на азил.




[9] Во одговорите доставени по барањата за информации од јавен карактер останатите судови не обезбедија податоци за основот, областа и видот на дискриминација во заведените предмети.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**

## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. **Најчести основи** по кои граѓаните сметаат дека биле дискриминирани се: род, пол, сексуална ориентација, корисници на дроги, етничка припадност, попреченост, родов идентитет и здравствена состојба.

2. **Најчести области** во кои граѓаните сметаат дека биле дискриминирани се: работните односи, пристапот до добра и услуги, здравство, медиуми и образование.

3. **Здруженијата на граѓани** продолжуваат да бидат **најактивни во делот на подигнувањето на свеста** за постоењето и зголемувањето на знаењето за препознавање на дискриминацијата.

4. **Комисијата за заштита од дискриминација, како заштитен механизам, им беше недостапна на граѓаните од август 2019 година** со што се намали ефективната заштита од дискриминација.

5. **Народниот правобранител** продолжува да **води статистика под една категорија** и за соодветна и правична застапеност и за случаите на дискриминација, иако станува збор за две различни области.

6. Бројот на **заведени предмети во судовите е намален за 75 %** во споредба со 2018 година, што се должи на намалена информираност на граѓаните за остварување на заштита од дискриминација, на системска недостапност на овој механизам, на недостигот на доверба на граѓаните во судовите, како и на скапата и долга постапка.

7. **Намален е бројот на позитивни судски одлуки** – оваа година само Основниот суд Битола донел една позитивна пресуда со која делумно била утврдена дискриминација.

8. **Судовите не водат посебна статистика** за судските постапки иницирани за заштита од дискриминација, поради што не може да обезбедат соодветни податоци за основите и областите за кои граѓаните барале заштита од дискриминација.

## ПРЕПОРАКИ:

1. Проактивно вклучување на државните институции и јавните функционери за подигнување на свеста за постоењето на дискриминацијата.

2. Водење одвоена статистика за соодветната и правичната застапеност и случаите на дискриминација од страна на Народниот правобранител и јасно разделена статистика во однос на областите и основите на дискриминација.

3. Почесто користење на законското овластување за отпочнување на постапка по службена должност од страна на Народниот правобранител во случаи на дискриминација и вклучување како пријател на судот (amicus curiae) во судски постапки.

4. Судовите да водат посебна статистика за основите, областите и видот на дискриминација со цел да одговорат на потребата за доставување точни податоци. Ова ќе овозможи следење на одредени трендови во однос на појавата, застапеноста на формите на дискриминација и областите во кои таа најмногу се врши, што понатаму ќе придонесе кон подетална и фокусирана акција за спречување и заштита од дискриминација.

5. Подобрување на пристапот до судска заштита од дискриминација и пристапот до правда воопшто за жртвите од дискриминација.

6. Промоција на принципот на еднаков третман и преземање активности во насока на подигнување на свеста на граѓаните за препознавање и заштита од дискриминација, од страна на државните институции и независните тела за еднаквост.

7. Итно донесување на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација и избирање на нова Комисија за спречување и заштита од дискриминација и нејзина административно-техничка служба.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 072 278 436**